**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203 – 220/6**
**Скопје,14.06.2007 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Кавадарци за 2006 година, кои се прикажани на страните од 9 до 11.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Кавадарци за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Панчо Минов, Градоначалник на општина Кавадарци во 2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 8 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 01.03 2007 до 21.03.2007 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со писмо број 08 – 1809/1 од 06.06.2007 година примени се забелешки по Предходниот извештај - сметка на Буџетот на општина Кавадарци од Градоначалникот на општина Кавадарци. Истите се разгледани и е констатирано следното:

- За забелешките на наодите од точките 10.1.1.; 10.1.2.; 10.2.1.; 10.3.5.; 10.3.6.; 10.4.1.; 10.5.1. и 10.6.1.1. од Предходниот извештај, ревизијата не доби релевантен и достатен ревизорски доказ , како основа за нивно прифаќање, поради што истите се одбиени.
- забелешките на наодот по точка 10.3.3. кои се однесуваат на Годишниот извештај делумно се прифаќаат и истиот се имплементира во Конечниот извештај во делот на обелоденувања.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2006 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

### 11.1. Систем на интерни контроли во процесите

#### 11.1.1. Процес на буџетирање

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на буџетирање, ревизијата утврди дека воспоставените контроли не гарантираат дека буџетот ќе се изготви и донесе во законски утврдените рокови. Причина за овие ризици е тоа што органите на општина Кавадарци немаат изготвено и донесено буџетски календар за роковите за планирање и донесување на општинскиот буџет.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува советот на општина Кавадарци да донесе буџетски календар со кој ќе се утврдат роковите и тоа:

- за доставување на главните насоки за изготвување на финансиските планови до буџетските корисници;
- рокот во кој општинските буџетски корисници треба да ги достават своите финансиски планови до градоначалникот, и
- рокот во кој градоначалникот го доставува предлогот на буџетот до советот на општината.

#### 11.1.2. Процес на утврдување и наплата на даночните приходи

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на утврдување и наплата на даночните приходи и покрај постоење на пишани процедури за нивно утврдување, ревизијата утврди постоење ризик од неточно утврдување на даночните обврски (данок на наследство и подарок, данок на промет на недвижности), поради неразграничени надлежности во фазата на утврдување, контрола и наплата. Причина за овие ризици е неекипираност на даночното одделение согласно Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација во општина

Квадарци, при што активностите околу утврдувањето, контролата и наплатата на даноците е доверено на едно лице.

**Препорака:**

Надлежните органи на општина Кавадарци да обезбедат соодветна екипираност на одделението за администрирање на даноци како би можел да се задоволи критериумот за поделба на надлежностите.

### 11.2. Неправилна примена на акти

11.2.1. Договорите и преддоговорите кои општина Кавадарци ги склучува со правни лица за утврдување и наплата на надомест за уредување на градежно земјиште содржат одредби со кои се дозволува:

- плаќање со компензации;
- со набавки што фирмите - должници на надоместот треба да ги направат за потребите на општината, и
- плаќање по исполнување на превземени обврски од општината.

Ваквиот начин на плаќање на комуналниот надомест е спротивен на одредбите од Законот за уредување на градежно земјиште.

Исто така однапред договорениот начин на плаќање на надоместот со компензации создава обврски на општината да врши набавки со кои се суспендира Законот за јавни набавки.

**Препорака:**

Договорите за утврдување на надоместот за уредување на градежно земјиште во делот на начинот на плаќање да се во согласност со Законот за уредување на градежно земјиште.

### 11.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

11.3.1. Општина Кавадарци нема воспоставено даночно сметководство, ниту пак располага со податоци за побарувањата по основ данок на имот од правни и физички лица и побарувања по основ на комунални такси за истакната фирма од минати години. Исто така не е извршена евиденција на утврдениот данок на имот во износ од 4,362 илјади денари и утврдениот износ на комунална такса за истакната фирма во износ од 8,605 илјади денари за 2006 година, што е спротивно на Законот за даноците на имот и Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските прописи придонело општина Кавадарци да нема реални податоци за побарувањата по овој основ, што доведува до изготвување на нереални финансиски извештаи.

Во текот на 2007 година општина Кавадарци започна со примена на нов апликативен систем за евиденција на даноците и таксите во рамките на даночното одделение со што ја има обезбедено оваа евиденција.

11.3.2. Спротивно на член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, годишната сметка на буџетот на општина Кавадарци за 2006 година не е доставена до Советот најдоцна до 28 февруари во наредната година, поради што Советот не ја усвоил во законски утврдениот рок најдоцна до 15 март. Истата е усвоена на 30 март 2007 година. Непочитувањето на законските одредби придонело донесувањето на годишната сметка да не е во утврдените законски рокови. Постапките за донесување на годишната сметка кои не се во согласност со роковите предвидени во Законот создаваат услови за ненавремено информирање на советниците.

**Препорака:**

Градоначалникот на општина Кавадарци да обезбеди услови за доследна примена на законските рокови при усвојувањето на годишната сметка.

11.3.3. Градоначалникот на Општина Кавадарци нема назначено одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи, за обработка на податоците и изработка на годишните извештаи на општината, што е спротивно на член 16 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Непочитувањето на законските одредби има влијание на вршење контрола на трошењето на средствата од буџетот.

**Препорака:**

Органите на општина Кавадарци да постапат во склад со споменатата одредба од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

11.3.4. Градоначалникот на општина Кавадарци постапил спротивно на начелото на транспарентност и јавност кое произлегува од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и тоа:

- не изготвил и не доставил извештај до Советот за користењето на средствата од Резервите што е спротивно на член 48 од Законот за буџетите кога постои нелимитирано право за нивното користење од страна на градоначалникот, а во услови на законска колизија помеѓу Законот за буџетите и Законот за финасирање на единиците на локалната самоуправа во делот на надлежноста за користењето на овие средства во 2006 година, и
- до Советот на општината не доставувал квартални извештаи со образложение за извршување на Буџетот што е спротивно на член 32 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа.

Непочитувањето на законските одредби во делот на известувањето, придонесува за нетранспарентност во работењето и ја намалува јавноста во трошењето на средствата на даночните обврзници.

**Препорака:**

Да се обезбеди доследно почитување и реализирање на обврските кои произлегуваат од законската регулатива.

11.3.5. Надлежните органи на општина Кавадарци склучуваат преддоговори со правни и физички лица за започнување постапка за добивање одобрение за градба во обратен редослед од процедурите предвидени со Законот за просторно и урбанистичко планирање и Законот за градење.

Службите на општината постапуваат спротивно на споменатиот закон поради следново:

1. Се склучува преддоговор со кој се дефинираат:
    - висината на надоместот и начинот на плаќање по утврден проект;
    - степенот на уреденост на градежното земјиште;
    - обврските на инвеститорот за добивање документација за одобрение за градба по измените во деталниот урбанистички план;
    - обврските на општината за донесување, вршење измени и дополни во урбанистичките планови;
2. Одобрение за градба се издава по изградбата на објектот, а не пред изградбата.

Како ефект од овие состојби, општина Кавадарци:

- превзема обврски за измени и дополни на Генералниот урбанистички план и Деталните урбанистички планови, без да обезбеди почитување на основните начела во процесот на планирање и уредување на просторот кои можеби нема да ги задоволат потребите на инвеститорите;
- го стимулира нелегалното градење поради очекувањата на инвеститорите за легализација на нивните градби;
- врши авансна наплата на надоместокот за уредување на градежното земјиште за кои нема евиденција, а примените аванси во случај на неисполнување на своите обврските од преддоговорите треба да ги врати на инвеститорите.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да обезбеди услови за доследно спроведување на процедурите за издавање одобрение за градба согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, Законот за градежно земјиште и Законот за градење.

### 11.4. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.4.1. Приходите и Вишокот на приходи над расходи се искажани во помал износ за 206 илјади денари поради погрешна примена на Методологијата за утврдување на пазарната вредност при прометот на деловен простор. Ова е резултат на примена на нееднакви критериуми во проценката на вредноста за објекти кои се продаваат од ист сопственик (Макс Греј), и се наоѓаат на ист простор (ул Маршал Тито - плоштад), а се однесуваат за купувачите „Инвикта-Трејд„ ДООЕЛ Кавадарци и „Пели„ ДОО Кавадарци. Комисијата за утврдување на пазарната вредност на имотот што е предмет на продажба не применила исти критериуми за факторот микролокација на деловниот простор, поради што придонела за помало утврдување на бодовите, а со самото тоа и на вредноста на имотот што е предмет на промет.
Спротивно на одредбите од член 38 од Законот за даноци на имотот, градоначалникот одобрувал одложено извршување на решенија за данок на промет на недвижности според член 40 од истиот закон и во услови кога не постои жалба по решение. За одобреното плаќање на рати не се обезбедни гаранции согласно членовите 41 до 44 од истиот закон.
**Препорака:**
Надлежните органи да превземат мерки за утврдување на причините за нееднаквата примена на методологијата за утврдување на пазарната вредност при прометот на деловен простор и да се изврши реално задолжување на даночните обврзници. Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижностите доследно да ја применува методологијата за утврдување на пазарната вредност при прометот на недвижности.

11.4.2. Ставката Приходи искажана е во повисок износ од 9.532 илјади денари поради пресметковно утврдениот износ на Пренесен вишокот на приходи од претходни години. Ова е резултат на непримена на принципот на парично искажување на промените во сметководството, што е спротивно на член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и придонесува за изготвување на погрешни финансиски извештаи и можности за нереално планирање на расходите.
**Препорака:**
Да се изврши усогласување на пренесениот вишок на приходи од претходна година со износот на паричните средства.

### 11.5. Неправилности во искажувањето на позициите во Билансот на состојба

11.5.1. Износот на паричните средства во благајната и состојбата на позицијата Краткорочни обврски по резерви се искажани во поголем износ за 734 илјади денари поради следното:
- Спротивно на член 41 од Законот за буџети оставрени се приходи по основ на наплата на надомест за комунално уредување во готово, издавање на лиценци, и тоа преку благајната на буџетот. Во текот на 2005 и 2006 година по овој основ наплатени се приходи во износ од 7.072 илјади денари од кои 6.256 се уплатени на буџетската сметка и искажани како приходи;
- На основа документацијата за благајничкото работење која беше дадена на увид на ревизијата, а се однесува за 2004, 2005 и 2006 година се констатира дека дел од примените парични средства во износ од 734 илјади денари, не се уплатени на сметката на буџетот, што е спротивно на Законот за платен промет. Овие парични средства се исплатувани директно од благајната за разни трошоци по решенија

потпишани од градоначалникот кој дел потекнуваат од претходни година, а има и такви од 2002 година и тоа за еднократна парична помош, за исплати на ангажирани лица по разни манифестации, репрезентација, за гориво и други трошоци, за кој во голем дел не постои веродостојна документација бидејќи на документите каса исплати нема потпис кој ги примил паричните средства, корегирани се датуми на документацијата, има несовпаѓање на датите на документацијата за исплата со периодот кога е извршена и оформена документацијата, и
- За износот од 734 илјади денари не се искажани ниту приходи, ниту расходи што е спротивно на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници што придонесува за нереално искажани состојби во финансиските извештаи.

**Препорака:**

Надлежните органи да превземат мерки за утврдување на причината за настанатата состојба во делот на исплатата на средствата во готово од благајната и да ја утврдат одговорноста за таквата состојба.

11.5.2. Позицијата Побарувања, која во Билансот на состојба е искажана во износ од 15.329 илјади денари е нереално и необјективно проценета од следниве причини:
- не е извршено евидентирање на побарувањата од укинатата општина Конопиште што е спротивно на член 19 од Законот за територијална организација на локалната самоуправа во Република Македонија. Поради непочитување на законските одредби позициите Побарувања и Пасивни временски разграничувања се прикажани во помал износ од 4.852 илјади денари;
- за извршена наплата за која документацијата не е евидентирана, на сметката Побарувања се јавуваат побарувачки салда кој на 31 декември 2006 година изнесуваат 13.054 илјади денари, а не се прекнижени на соодветните пасивни сметки;
- преземените побарувања од Фондот за комуналии и локални патишта на општина Кавадарци со состојба 31.12.2003 година во износ од 7.334 илјади денари не се ажурирани, ниту е извршен попис за утврдување на нивната законитост. Ревизијата утврди дека 6.718 илјади денари се неосновани побарувања;
- во текот на 2006 година склучени се договори и преддоговори со правни и физички лица за утврдување и наплата на надомест за комунално уредување на градежно земјиште. Дел од овие договори се платени, а дел не. Ревизијата утврди неевидентирани договори и преддоговори во износ од 15.755 илјади денари од кои 6.780 илјади денари се ненаплатени;
- ревизијата утврди дека за извршените уплати во 2006 година по основ на надомест за комуналии во износ од 681 илјади денари, не е извршено евидентирање на состојбите на одделни коминтенти на сметката Побарувања, и
- за остварените приходи во износ од 1.873 илјади денари по основ на наплата надомест за уредување на градежно земјиште помалку се искажани побарувања поради недоставени договори.

Ваквиот начин на работење е спротив на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници.

**Препорака:**

- надлежните служби на општина Кавадарци редовно да ги доставуваат документите во сметководство за нивна евиденција;
- да се изврши попис на побарувањата со цел точно утврдување на нивната законска основаност, и
- да се изврши усогласување на состојбите на побарувања со субјекти од кои општината има побарувања.

11.5.3. Ставката Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите која е проценета во износ од 88 илјади денари е нереално искажана во Билансот на состојба на 31 декември 2006 година. Ова е резултат на нерегулираните меѓусебни побарувања и обврски на Буџетот и Фондот за комуналии и локални

патишта на општина Кавадарци по неговото укинување во 2003 година. Со укинување на Фондот, неговите активности поминуваат во надлежност на Органот согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за локална самоуправа и од таа причина ова побарување на Буџетот од Фондот е нереално. Причина за оваа состојба е неажурноста на надлежните служби кои не презеле мерки за расчистување на овие состојби во периодот на функционирање на Фондот за комуналии и локални патишта.

**Препорака:**

Службите да предложат, а Органите на општина Кавадарци да донесаат конкретни предлози и акти за ажурирање на овие состојби.

11.5.4. Не е извршено усогласување на ставката Пасивни временски разграничувања во делот на подставката Вишок на приходи над расходи со неискористените расположиви средства на ставката Сметка на ден 31 декември 2006 година (номинален износ од 4.504 илјади денари). Поради непочитување на паричниот принцип на искажување на промените во сметководствената евиденција на општина Кавадарци што е спротивно на член 18 од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, подставката Вишок на приходи над расходи е проценета во повисок износ од 10,833 илјади денари и има за резултат нереални финансиски извештаи .

**Препорака:**

Да се изврши усогласување на Вишокот на приходи над расходи со износот на неискористените средства на сметката на Буџетот на 31 декември.

**11.6. Ненаменско и незаконско користење на средствата**

**11.6.1. Неприменување на постапките од Законот за јавни набавки**

11.6.1.1. При изборот на фирма за поставување на билборди не се запазени одредбите од Законот за јавни набавки поради следниве причини:

- Одлуката за потреба од јавна набавка е донесена на 27.02.2006 година, а отворањето на понудите е најавено за 30.03.2006 кога е изготвен и Записникот. Рокот за прибирање понуди е пократок од рокот предвиден со член 61 став 2 од Законот за јавни набавки;
- Од страна на избраната фирмата Акцент Медија на ден 17.03.2006 година извршена е уплата на 709 илјади денари, односно 13 дена пред истекот на рокот за прибирање понуди. Износот одговара на вредноста на склучениот договор на ден 30.03.2006.

Ова значи дека постапката се спроведува само за формално запазување на законските одредби.

Неспроведување на постапките за јавни набавки согласно Законот создаваат можност за фаворизирање на одредени фирми, ја спречуваат конкуренцијата и придонесува за набавки по зголемени цени.

**Препорака:**

Градоначалникот како одговорно лице да обезбеди целосна примена на Законот за јавни набавки во сите негови аспекти.

12. Според наше мислење, а поради значајноста на прашањата изнесени во точките 11.3.1. 11.4. и 11.5. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на сметката на Буџетот на Општина Кавадарци под 31 декември 2006 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум согласно важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, а поради значајноста на прашањата изнесени во точките од 11.3. до 11.6. кај сметката на Буџетот на Општина Кавадарци, не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2006 година.

14. Со усвојување на годишната сметка за 2006 година од Советот на општина Кавадарци, не се приложени за усвојување извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност, извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските и капиталните дотации предвидени со член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Со самото тоа што овие извештаи не се изготвени, доставени и усвоени со годишната сметка, се намалува можноста за поголема транспарентност, отчетност и комплетност при усвојување на истата.

**Препорака:**

Тргнувајќи од определбата за поекономично и транспарентно работење и ограничените финансиски можности на општините, при усвојување на годишната сметка која е составен дел на Годишниот извештај, на Советот на општината да му бидат доставени на усвојување и извештаите предвидени со одредбите од член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

15. Во врска со наодите од ревизорскиот извештај за 2001 година, ревизијата констатира дека не се превземени мерки за корегирање на состојбите по наодите во точките 1.2, 1.3, 1.4, 1.9, 1.10, , поради што затекнати се истите неусогласени и некорегирани состојби.

**Скопје 08.06.2007 година** **Овластен државен ревизор**

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2006

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 53,480 | 62,956 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 17,547 | 5,299 |
| Капитални приходи | - | 0 | 310 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 42,711 | 71,172 |
| **Вкупно приходи** | | **113,738** | **139,737** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.1. | 264 | 70 |
| Стоки и услуги | 3.4.2 | 41,660 | 48,815 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | - | 0 | 1,757 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.3. | 4,891 | 6,634 |
| Социјални бенефиции | 3.4.4. | 1,603 | 780 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **48,418** | **58,056** |
| **Капитални расходи** | 3.5. | 49,984 | 68,320 |
| **Вкупно расходи** | | **98,402** | **126,376** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **15,336** | **13,361** |

## БУЏЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2006 | 2005 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 5,238 | 2,929 |
| Побарувања | 4.1.2. | 15,329 | 11,300 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетот и фондовите | 4.1.3. | 88 | 88 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 302 | 302 |
| **Вкупно тековни средства** | | **20,957** | **14,619** |
| **Капитални средства и долгорочни пласмани** | | | |
| Капитални (материјални) средства | 4.2.1. | 107 | 107 |
| **Вкупно капитални средства** | | **107** | **107** |
| **Вкупна актива** | | **21,064** | **14,726** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 29 | 29 |
| Краткорочни обврски по резерви | 4.3.2. | 734 | 614 |
| Финансиски и пресметковни односи во рамките на буџетите и фондовите | 4.3.3. | 589 | 589 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 19,579 | 13,361 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **20,931** | **14,593** |
| **Извори на капитални средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4. | 110 | 110 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **110** | **110** |
| **Извори на средства на резервата, солидарноста и за други намени** | 4.5. | 23 | 23 |
| **Вкупна пасива** | | **21,064** | **14,726** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2006 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| О П И С | Државен јавен капитал (извори на капиталните средства со кои располагаат и управуваат буџетите и фондовите) | Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2006 година** | **110** | **-** | **110** |
| **Зголемување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Набавки | - | - | **-** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | **-** |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | **-** |
| **Намалување по основ на:** | **-** | **-** | **-** |
| Отпис на капитални средства | - | - | **-** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | **-** |
| Амортизација | - | | **-** |
| **Состојба 31.12.2006 година** | **110** | **-** | **110** |

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1205-220/15**
***Скопје, 16.07.2007 година***

Согласно член 23 став 5, 6, 7 и 8 од Законот за државна ревизија („Службен весник на РМ„, бр 65/97………..70/06), е добиен Приговор број 1204 – 220/14 од 28.06.2007 година, по Конечниот извештај за извршена ревизија на финансиските извештаи на сметката на Буџетот за 2006 година на Општина Кавадарци број 220/6 од 14.06.2007 година, Главниот државен ревизор на Државниот завод за ревизија го донесува следното :

***Р Е Ш Е Н И Е***
***по поднесен приговор на Конечен извештај***

1. Приговорот по наодите од точките 11.3.5,; 11.4.1. и 11.6.1.1. од Конечниот Извештај за извршена ревизија на Општина Кавадарци сметка на Буџетот на општина Кавадарци, доставен од Градоначалникот на општина Кавадарци не се прифаќа, со дообјаснување на наодот во точката 11.6.1.1..

2. Решението по доставениот Приговор на Конечниот извештај всушност претставува прилог на конечниот извештај и интегрално се интерпретира во годишниот извештај.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Против Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи за 2006 година на Буџетот на Општина Кавадарци, поднесен е приговор број 1204 – 220/14 од 28.06.2007 година од Градоначалникот на општина Кавадарци.

Образложението за неприфаќање на Приговорот е следното:

1. Приговорот на наодот од точката 11.3.5. од Конечниот извештај, а кој се однесува на склучување на преддоговори и на постапката при издавањето на одобрение за градба, **не се прифаќа**, од причина што е постапено спротивно на законските прописи, а во фазата на приговор субјектот не доставил дополнителни докази кои ќе бидат релевантни за ревизорот да го промени ревизорското мислење.

2. Приговорот на наодот од точката 11.4.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на утврдување на данок на промет на недвижности и примената на Методологијата во делот на фактор микролокација како и овозможување плаќање на данок на промет на рати, **не се прифаќа**, од причина што ревизијата не доби релевантни дополнителни докази, во постапката на приговор.

3. Приговорот по наодот од точка 11.6.1.1. од Конечниот извештај, а кој се однесува на неправилности во примената на Законот за јавни набавки, не се прифаќа, бидејќи приговорот се однесува на основот на наодот а е постапено спротивно на Законот за јавни набавки. Во констатацијата на ревизорот во алинеја еден зборовите “ **е најавено за 30.06.2006** „ се заменуваат со зборовите „**е извршено на 28.06.2006 година**„ и зборовите „**член 61 став 2** „ се заменуваат со зборовите „**член 64** „.

Согласно горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Скопје 11.07.2007 година**

**Главен државен ревизор,**
**Д-р Драгољуб Арсовски**